Double Duty Fertility @Work | European Fertility Week fertility europe | 02-08 November

ДО БЕБЕ
ПО ПАТОТ НА ИН ВИТРО

Fertility @Work

Знај ги своите права

Практичен водич за ивф, работа и работнички права

За **вработени** | За **менаџери** | За **HR**



Никој не треба да избира меѓу работата и родителството.

01 - ВОВЕД

ИВФ и моето работно место



ИВФ значи прегледи, хормонска терапија, интервенции и термини што не можат секогаш да се планираат однапред. Покрај третманот, треба да ја усогласите и работата и сами да одлучите колку лични информации ќе споделите.

02 - ЗАКОНОТ

Што вели Законот за работните односи?

Забранет е нееднаков третман поради пол, здравствена состојба, статус на семејството и други лични околности. **чл. 6**

Забраната важи при вработување, во условите за работа, при напредување, за платата и при отказ. **чл. 6**

При вработување, работодавачот не смее да бара податоци за брачниот статус и за планирањето семејство. **чл. 25**

ВАЖНО

ИВФ третманот не треба автоматски да се изедначува со бременост. Посебните законски заштити за бремени работнички важат кога бременоста е утврдена.
Затоа разликувајте ги правата за време на постапката од правата по утврдена бременост.



Прегледи, процедури и боледување

Имам ли посебно право на отсуство за ИВФ?
Не постои посебно „ИВФ отсуство“. Може да користите боледување, годишен одмор, платено или неплатено отсуство, или да договорите флексибилно работно време.

Може ли да користам боледување?
Да, кога лекарот ќе утврди привремена спреченост за работа. Одлучува медицинската проценка, а не самиот факт дека сте на ИВФ.

Колку боледување следува по пункција или ембриотрансфер?
Законот не утврдува фиксен број денови. Времетраењето го определува лекарот според вашата здравствена состојба. (најчесто 14 денови по ембриотрансфер)

Што ако ми требаат повеќе отсуства или третманот е во друг град?
Известувајте навреме, чувајте документи за секое отсуство и побарајте решение: изменет распоред, работа од дома (ако работата дозволува) или прераспределба на задачите.

Правата, упатите и обрасците за ин витро (БПО) на товар на ФЗО:

fzo.org.mk

Колку треба да му кажам на работодавачот?



Морам ли да кажам дека сум на ИВФ?

Нема законска обврска да ја кажете причината за медицинските прегледи. Вие одлучувате што, колку и кому ќе кажете.

РАЗГОВОРОТ НЕ МОРА ДА ПОЧНЕ СО:

Одам на ин витро, еве ја целата моја медицинска историја

МОЖЕ ДА ПОЧНЕ СО:

Во наредниот период ќе имам неколку медицински прегледи и можеби ќе ми треба флексибилност во работното време. Ќе ве известувам навреме секогаш кога е можно.

Може ли работодавачот да бара медицинска документација?

Може да бара документ што го оправдува отсуството согласно законската регулатива, не целосна медицинска историја или детали за дијагнозата.

Кој има право да знае?

Здравствените податоци се посебно заштитени лични податоци. Се обработуваат доверливо, само колку што е неопходно, и не се споделуваат со тимот.

ПРОВЕРИ СЕ



ИВФ на работа: мит или факт?



Морам да му кажам на целиот тим дека сум на ИВФ.
Вие одлучувате кому и колку ќе кажете.



Работодавачот не смее да ме стави во полоша положба поради мојата здравствена состојба
Здравствената состојба е заштитена основа според чл. 6 од Законот за работните односи, разработена во Законот за спречување и заштита од дискриминација.



ИВФ автоматски значи две недели боледување по ембриотрансфер.
Боледувањето зависи од медицинската проценка на лекарот.



За време на ИВФ ги имам истите заштити како бремена работничка.
Посебните заштити поврзани со бременост важат откако бременоста ќе биде утврдена.

05 - ДИСКРИМИНАЦИЈА

RED FLAGS

Подобро да не те ставаме на овој проект, веројатно наскоро ќе останеш бремена.

На интервју за работа ве прашуваат дали планирате бременост или деца.

Полош третман, критики или казни поради медицински оправдани отсуства.

Исклучување од унапредување или од нови можности поради бременост.



Што ако ембриотрансферот успее и останам бремена?

- **Забранета е секаква дискриминација поради бременост, раѓање и родителство** , при вработување, во условите за работа и при отказ.
- **Работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување за време на бременост, раѓање и родителство**. чл. 101
- **Одобреното отсуство поради болест не е основана причина за отказ**. чл. 77



ЗА РАБОТОДАВАЧИ И HR

Ако сте работодавач или менаџер...

НЕ
Не прашувајте: „Кога планираш деца?"

ДА
Прашајте: „Каква поддршка или флексибилност ти е потребна?"



НЕ
Не барајте детали за дијагнозата и третманот што не ви се потребни.

ДА
Воспоставете јасен и доверлив процес за медицински отсуства.



НЕ
Не претпоставувајте дека лице на ИВФ не може да преземе проект или унапредување.

ДА
Оставете го вработениот сам да ги носи професионалните одлуки.



НЕ
Не споделувајте здравствени информации со тимот.

ДА
Договорете се со вработениот што, како и кому ќе се комуницира.

06 - КОНТАКТИ

Каде да побарам помош?

Закон за работните односи
Официјален консолидиран текст

ФЗО – Биомедицинско потпомогнато оплодување
Постапки, обрасци и контакти за ин витро · **fzo.org.mk**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Постапка за пријавување на дискриминација

Државен инспекторат за труд
Пријава за повреда на работничките права

Агенција за заштита на личните податоци
Пријава за повреда на право на заштита на лични податоци

Здружение До бебе по патот на ИВФ
Поддршка и ресурси



Совет: чувајте копии од медицинските потврди, мејловите и договорените отсуства.

Водичот има информативен карактер и не претставува индивидуален правен или медицински совет. Прописите се предмет на измени, проверете ги актуелните верзии.